Мостови

# МОСТОВИ ИЗВЕШТАЈ 2025

Фискална година 2025, декември 2025

Поддржано од

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

1. Извршно резиме........................................................ 2
2. Лидерство и моторот на организацијата........................................................ 3
3. Детален преглед на проекти........................................................ 8
4. Стратегија за 2026 година: Скалирање и Одржливост........................................................ 10
5. Препораки и Барања........................................................ 11
6. Заклучок........................................................ 13
Апендикс........................................................ 14

## 1. Извршно резиме

Фискалната 2025 година претставува пресвртница во операционализацијата на македонската дијаспора и младите стипендисти подржани од Министерство за Образование и Наука. Организацијата „Мостови до Дома“ успешно го трансформираше апстрактниот концепт на “одлив на мозоци” во мерлива економска и институционална вредност за државата.

Преку нашиот систем за следење на придонесите ([dashboard.mostovi.mk](dashboard.mostovi.mk)), оваа година генериравме **директна, фактичка вредност** која се прелева во македонските институции и општество без дополнителен трошок за државниот буџет.

**1.1 Клучни бројки за 2025:**

I. **Вкупна генерирана вредност: €374,650**
II. **Вкупно придонесени работни часови: ±4,480 часа** високостручна работа.
III. **Активни стипендисти-експерти:** 20 стипендисти-членови, **6 клучни членови на менаџмент** кои го носат повеќето од товарот на проектите.
IV. **Реализирани проекти: 12** (вклучувајќи државни институции, НВО сектор и стартап екосистем).
V. **Просечна вредност по стипендист: €46,831**, сумата која секој активен член ја има „вратено“ на државата преку својот труд и ја има запишано во системот за извештаи.
VI. **Просечни часови по проект: ±373 часа** ефикасна работа.

Овие бројки не се проценки, туку евидентиран труд на стипендисти од топ 100 универзитети, кои работеа на решавање системски проблеми во здравството, статистиката, правосудството и образованието во Македонија. Наведените бројки се конзервативни проценки кои не ги вклучуваат придонесите од останатите членови на Мостови и вредноста што организацијата ја донесе со инспирирање нови, историски чекори и иницијативи кај млади во и надвор од државата.

| Вкупна вредност | Вкупно часови | Активни научници | Проекти | Просечна вредност/научник | Просечни часови/проект |
|---|---|---|---|---|---|
| 374.650 евра | 4.480 | 8 | 12 | 46.831 евра | 373,3 |

(Реф: Слика 1 од извештајот за аналитика)

## 2. Лидерство и моторот на организацијата

Успехот на „Мостови“ е резултат на исклучително високата посветеност на менаџерскиот тим. Анализата на индивидуалните перформанси покажува дека членовите не само што ги исполнија своит оврски во 2025, туку повеќекратно ги надминаа очекувањата со посветеност и мотивација што инспирира соработка и надеж.

### 2.1. Живе Ристовски: Стратешки архитект и лидер

**Вкупен придонес: €95,650**
**Вкупно часови: ±1,194 часа**

I. Клучен придонес:
   A. Организациски развој (±1,000 часа): Ристовски ја изгради структурата на „Мостови“ од нула. Вклучува креирање на правната рамка за „Анекс 1“ договорите со МОН, воспоставување на процеси за мониторинг и регрутација на тимот.
   B. Стратешки партнерства: Ја иницираше и реализираше стратешката алијанса со Macedonia2025, Yahya Kemal College, University of Bristol, University of Groningen, UKIM, Evernomic, Brainster и StartUp City Ohrid, отворајќи врати за клучни соработки и можности за стипендистите активно да се вклучат на проекти битни за локален развој и напредок.
   C. Хакатон: Директно го водеше Хакатонот во јуни, носејќи методологија, инвеститори и експерти од холандскиот и македонскиот стартап екосистем за успешна прва верзија на хакатонот.

### 2.2. Андреј Величковски: Технолошка имплементација и лидерство

**Вкупен придонес: €60,300**
**Вкупно часови: ±828 часа**

I. Клучен придонес:
   A. Менторски проекти: Идризово; Андреј ќе го предводи пилот-проектот за дигитализација и едукација во КПУ Идризово во соработка со Brainster. Ова е комплексен проект кој бара не само техничко знаење, туку и навигација низ безбедносни протоколи.
   B. Mentorship Platform (±120 часа): Развој на софтверското

решение mentorship.mostovi.mk, кое ќе овозможи автоматизирано поврзување на стотици ментори и студенти во 2026 година.

C. Мостови.мк блог (±4 часа) (линк: https://medium.com/@mostovi.mk): Воспоставување на блог портал каде организацијата редовно ќе објавува извештаи и новости.

### 2.3. Теодора Пецаковска: Менторство и консултации во соработка со Министерство за Здравство

**Вкупен придонес: €55,950**
**Вкупно часови: ±671 час**

I. Клучен придонес:

A. Менторство: Министерство за здравство, ВИ Асистент (±120 часа):
Теодора реализираше консултации за имплементација на софтвер систем во рамки на проект во соработка со Министерство за здравство. Лидерство и менаџмент со тим на стуенти од Бреинстер за имплементација на ВИ Асистент кој одговара прашања од Членови и Закони на РСМ и ја подобрува услугата на страната на министерство. Организација на менторски сесии со студентите на Brainster за креирање на прототип, оддржување на редовна комуникација со клиентот од Министерство и презентација пред министерот за здравство.

B. Стратешки советување (±420 часа): Директно учество во креирање на стратегијата за 2026 на Мостови и активно учестваше на менаџерски двонеделни состаноци на организацијата. Претставување мостови на „Стратегија за соработка со дијаспората 2025-2030“ органзирана од МНР и организација на средба со амбасада во Велика Британија.

## 2.4. Теона Никовска: менторство, консултации и AI/ML имплементации

**Вкупен придонес: €58,350**
**Вкупно часови: ±695 часа**

I. Клучен придонес:
   A. Менторство: Хакатон, Бреинстер, (±110 часа) Теона имаше значаен придонес како клучен ментор на Тимот 13 за време на јунскиот Хакатон. Таа ги поддржуваше студентите во развојот на идејата, структурирањето на решението и носењето технички и концептуални одлуки, обезбедувајќи насоки и конструктивен фидбек во текот на целиот процес. Воедно, е ВИ консултант за имплементација на ВИ Асистент кој одговара прашања од Членови и Закони на РСМ и ја подобрува услугата на страната на Министерство за здравство. Во соработка и ментор на тим од студенти од Бреинстер.
   B. Менаџмент и стратешка поддршка (±420 часа): Теона имаше клучна улога во менаџментот и стратешката поддршка на „Мостови“, со значаен придонес во воспоставување и јакнење на професионални врски со Амбасадата на Велика Британија. Таа беше дел од креирањето на стратешки план за 2026 година, придонесувајќи со визија, структура и насоки за долгорочен развој. Дополнително, Теона беше преставник од „Мостови“ на ‘Онлајн дискусија со претставници од дијаспората’ одржана во ноември, при што преку јасна и убедлива презентација беше поттикнат интерес и вклучување на членови од дијаспората кои изразија желба за активно учество.

### 2.5. Мартина Јанева: Социјална Правда и AI Имплементација

**Вкупен придонес: €54,000**
**Вкупно часови: ±552 часа**

I. Клучен придонес:
   A. Менторство, комисија за спречување дискриминација и Македонија2025: Мартина го водеше тимот од 3 студенти кои го разви AI чет-асистентот за Комисијата. Таа воведе структуриран пристап кој резултираше со алатка што го олеснува пристапот до правда за граѓаните. Исто така водеше тим од 5 студенти со кој разви ВИ чет-асистент за Македонија2025, платформа за поддршка на дијаспората и трет тим од 4 студенти да создадат платформа за еден од првите online продавници во државата на втора рака. Мартина придонесе со решавање на технички прашања, организација и поддршка која има позитивно влијание врз студентите.
   B. Бреинстер & Manifold Machines: Нејзината работа на проектот „Прв мултимодален модел на македонски јазик" (заедно со Илија) е пионерски чекор за дигиталната независност на Македонија.

### 2.6. Илија Личковски: тренинг на ВИ модели и инженеринг на решенија

**Вкупен придонес: €30,600**
**Вкупно часови: ±324 часа**

I. Клучен придонес:
   A. [Manifold.mk](Manifold.mk) — инфраструктура и тренинг на првиот македонски отворен мултимодален модел. Илија го замисли и предводеше креирањето на отворена алатка за автоматско генерирање на големи синтетички податочни множества на македонски, креирањето на низа висококвалитетни мултимодални податочни множества на македонски, како и тренирањето на првиот мултимодален модел.
   B. Интелигентен агент за Државниот Завод за Статистика: Илија

го води развојот на AI моделот за Државниот завод за статистика. Овој проект, кој ќе заврши во јануари 2026, ќе овозможи граѓаните да „разговараат“ со базите на податоци преку природен јазик. Ова е директна демократизација на податоците.

C. Едукација за безбедност: На Хакатонот, Илија одржа работилница за „Security & Compliance Essentials“, едуцирајќи ги младите иноватори како да градат безбедни системи.






(Реф: Слика 2 и 3 од извештајот)

## 3. Детален преглед на проекти

Нашата работа во 2025 година се фокусираше на (главно) 12 проекти кои покриваат широк спектар на општествени потреби.

### 3.1. Развој на организацијата „Мостови“

**Вредност:** €165,750 | **Часови:** ±2,210

Ова е темелот. Вклучува координација на тимови, правни работи, и одржување на мрежата. Ристовски, Никовска, Пецаковска, Личковски и Величковски посветија стотици часови за да се осигура дека „Мостови“ функционира како професионална организација, а не само како здружение.

### 3.2. Дигитализација и Вештачка Интелигенција

Ова е секторот каде што придобивката на знаење е највидлива преку конкретни продукти:

I. **Прв мултимодален модел на македонски јазик (Manifold Machines):**
   A. Тим: Мартина Јанева и Илија Личковски.
   B. Време: ±300 часа (€36,000).
   C. Резултат: Развој на отворена инфраструктура за македонски мултимодални foundation models, вклучувајќи капацитети за генерирање податоци, процесирани податочни множества, истрениран модел, како и транспарентен код и документација на целиот процес.
II. **ВИ Чет-асистент за заштита од дискриминација:**
   A. Лидер: Мартина Јанева.
   B. Време: ±108 часа (€10,800).
   C. Резултат: Алатка која веќе е функционална и им помага на граѓаните да пријават дискриминација, со што се зголемува пристапот до правда.
III. **Интелигентен агент за статистичка поддршка во Државниот Завод за Статистика**
   A. Лидер: Илија Личковски
   B. Време: ±144 часа (€17,280)
   C. Резултат: градење на агент кој е способен независно да пребарува над 1,500 табели со податоци од МАКСТАТ базата при ДЗС и да одговара комплексни кориснички прашања околу државните статистики.

### 3.3. Социјални и Едукативни Проекти

I. **Проект Идризово (со Brainster):**
   A. Статус: Активна имплементација (2026 старт на нова фаза).
   B. Лидер: Андреј Величковски.
   C. Цел: Ресоцијализација преку дигитални вештини. Ова е пионерски проект кој го менува парадигмата на казнено-поправниот систем.
II. **Менторство:**
   A. Вкупна вредност: €67,200 (672 часа).
   B. Опис: Теона Никовска, Теодора Пецаковска, Илија Личковски, Мартина Јанева и Андреј Величковски реализираа 1-на-1 сесии со студенти, пренесувајќи знаење директно од светските универзитети.

III. **Хакатон Јуни 2025:**
   A. Време: 100 директни часови на настан + подготовки.
   B. Резултат: Успешна реализација на натпревар каде се креираа решенија со помош на нашите ментори и мрежа на експерти.

## 4. Стратегија за 2026 година: Скалирање и Одржливост

Врз основа на успешните резултати од 2025, и под водство на Живе Ристовски, Мостови влегува во 2026 со јасна, одржлива стратегија структурирана во четири столба:

### 4.1 Бренд и видливост

I. **Иницијатива:** Целосно лансирање на апликацијата за менторство (mentorship.mostovi.mk), развиена од Андреј Величковски.
II. **Цел:** Апликацијата да стане прва точка за привлекување на публика и автоматизација на процесот на поврзување со ментори. Ова ќе даде шанса за млади да добијат бесплатно, структурирано менторство од македонски млади експерти од дијаспората и дома.

### 4.2 Портфолио и квалитет

I. **Приоритет:** Проектите за дигитализација и институционална соработка.
II. **Клучни Партнери:** Проширување на соработката со **Кривичен Суд** (почеток февруари), продолжување на соработка со **Министерство за здравство** ( Теодора Пецаковска, Теона Никовска) и **Завод за статистика** (Илија Личковски), можна соработка со **Министерство за Дигитализација**, соработка со **Амбасадите во Велика Британија и Холандија** и **КПУ Идризово**.

### 4.3 Одржливост и раст

I. **Цел:** Активација на талентот директно во институции и организации во Македонија за да се изгради портфолио од проекти кои ќе служат како доказ за раст и долготраен развој.

### 4.4 Тим и структура

I. **Систем:** Формализирање на двонеделен состанок за усогласување и капацитет.
II. **Цел:** Оваа структура, која веќе се покажа успешна во 2025, овозможува јасно дефинирање на одговорноста и брза

идентификација на идните проекти и лидери во тимот.

### 4.5 Академска Соработка (Bristol x UKIM)

Еден од најзначајните успеси во 2025 година е воспоставувањето на “квантни мостови” помеѓу Обединетото Кралство и Македонија. Партнерство помеѓу University of Bristol (UoB) и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ). Лидер на иницијатива: **Давид Длака (Мостови / UoB).**

Ова партнерство е предложено да реши два симетрични проблеми идентификувани од Давид Длака:

I. **University of Bristol (QET Labs):** Располага со огромни финансиски ресурси (£70-75 милиони годишен позитивен биланс) и врвна опрема, но се соочува со недостиг на квалификуван човечки капитал (научници и истражувачи).
II. **УКИМ (Институт за Физика):** Располага со извонреден талент и научен кадар, но се соочува со сериозен недостиг на истражувачки фондови и капитални инвестиции.

Преку медијацијата на „Мостови“, воспоставена е соработка каде научниците од УКИМ добиваат пристап до лабораториите и фондовите на Бристол, додека Бристол добива пристап до врвниот македонски талент. Ова е класичен пример за „Brain Circulation“, нашите научници не мора трајно да се иселат за да работат на светско ниво; тие стануваат дел од глобална мрежа додека придонесуваат за матичниот универзитет.

## 5. Препораки и Барања

За да го трансформираме „Мостови“ од успешен пилот проект во траен национален систем во 2026 година, до Министерството за образование и наука ги упатуваме следните стратешки барања и предлози:

### 5.1. Институционализација на анекс за далечински придонес

Пилот програмата за флексибилни можности (дефинирана во Договорот со Живе Ристовски) докажа дека стипендистите можат да испорачаат поголема вредност од далечина отколку преку (пасивна) физичка

присутност.
Бараме **„Анексот за далечински придонес“** да стане стандарден додаток кон договорите за стипендирање. Оваа опција треба да биде понудена на сите дипломирани и нови стипендисти од Топ 100 Универзитети, особено во дефицитарните области (ИТ, Инженерство), со што веднаш ќе се мобилизираат нови експерти за државни проекти што се неопходни во сегашната фаза на организацијата.

### 5.2. Мостови табла за извештаи како официјален Е-Регистар

Во моментов, Министерството нема ефикасен механизам за следење на „отплатата“ на стипендиите преку работа. Нашиот систем (dashboard.mostovi.mk) веќе нуди детално следење на часови, проекти и генерирана вредност.

I. Мостови нуди таблата за извештаи да биде интегриран или усвоен како официјален регистар за стипендисти на МОН. Ова ќе овозможи ревизија на обврските и ќе го замени рачното поднесување на хартиени извештаи.
II. Барање за податоци: За ова да функционира, бараме МОН да достави ажурирана листа на сите активни стипендисти (согласно обврската од Меморандумот за соработка) за да можеме проактивно да ги контактираме и внесеме во системот.

### 5.3. Програма за директна поддршка и промоција

Стипендистите често се чувствуваат отсечени од Министерството. За да го решиме овој проблем:

I. Предлагаме воспоставување на директна програма за поврзување каде Мостови ќе дејствува како прва точка за контакт за сите прашања и грижи на стипендистите поврзани со нивните договори.
II. Бараме соработка во промоцијата на стипендиите. Мостови ќе ги користи своите канали и каналите на МОН за да ги промовира новите конкурси, а МОН ќе ги упатува новите алумни кон нашата мрежа веднаш по добивањето стипендии.

### 5.4. Директни воведи во клучни институции

За да го зголемиме портфолиото на проекти во 2026, потребен ни е институционален влез.

Бараме МОН, како наш примарен партнер, да обезбеди директни воведни средби со раководствата на следните институции каде имаме идентификувано простор за соработка:

I. Министерство за дигитализација
II. Министерство за правда
III. Министерство за енергетика
IV. Амбасади (Холандска, Британска) – за поддршка на настани.
V. Комисии и Агенции кои имаат потреба од ВИ решенија.

## 6. Заклучок

Извештајот за 2025 година јасно покажува дека „Мостови“ е високо-перформативна организација. Со ±4,387 работни часови и вредност од скоро €400,000, ние докажавме дека моделот на далечинска репатријација функционира.

Живе Ристовски, заедно со јадрото на тимот (Андреј, Теодора, Мартина, Теона), создадоа систем кој не само што ги исполнува обврските кон МОН, туку и ја модернизира Македонија. Со планираните проекти во Идризово, Кривичниот суд и Министерството за здравство, 2026 година ветува уште поголемо влијание доколку се добие директна и искрена поддршка од домашните институции и организации.

# Апендикс

### Преглед на влијанието на придонесувачите

Пребарајте соработници...

| Целосно име | Стипендија бр. | Вкупна вредност (€) | Вкупно часови | # Проекти | Вклучени проекти |
|---|---|---|---|---|---|
| **Живе Ристовски** | 19-9149/4 | 95.650 | 1.194 | 3 | Мостови, Ментор, Мостови Хакатон |
| **Андреј Величковски** | | 60.300 | 828 | 4 | Мостови, менторство, платформа за менторство... |
| **Теона Никовска** | 08-1605\|1 | 58.350 | 695 | 4 | Mostovi, Mentorship, Проект за министерство за здравство... |
| **Теодора Пецакоска** | 19-8829 | 55.950 | 671 | 4 | Mostovi, Mentorship, Проект за министерство за здравство... |
| **Мартина Јанева** | 19-7673/4 | 54.000 | 552 | 3 | Brainster Mentor - Project "AI чет-асистент за јавна поддршка и информирање за дискриминација", Build the first Multimodal Model in Macedonian - Manifold Machines, Mentor |
| **Илија** [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | Изградба на првиот мултимодален модел на македонски јазик - Машини за разновидни [illegible] |

### Преглед на перформансите на проектот

Пребарај проекти...

| Име на проектот | Вкупна вредност (€) | Вкупно часови | # Соработници | Соработници |
|---|---|---|---|---|
| **Мостови** | 165.750 | 2.210 | 4 | Живе Ристовски, Теона Никовска, Теодора Пецакоска... |
| **Менторство** | 67.200 | 672 | 4 | Насер Велиу, Теон Никовски, Теодора Пецакоски... |
| **Ментор** | 46.800 | 468 | 2 | Мартина Јанева, Живе Ристовски |
| **Изградете го првиот мултимодален модел на македонски јазик - Машини за размножување** | 27.000 | 300 | 2 | Мартина Јанева, Илија Личковски |
| **Платформа за менторство** | 14.400 | 120 | 1 | Андреј Величковски |
| **Координирање на развојот на статистички агент за Државниот завод за статистика** | 14.400 | 144 | 1 | Илија Личковски |
| [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |

## Пресметка на вредноста на "Brain Gain"

×

Што е вредност на „придобивка на мозок“?
Вредноста на „приход на мозок“ е финансиска метрика што ја проценува пазарната вредност на професионалните услуги што ги даваат членовите на Мостови. Тоа е моќен начин да се квантифицира економското влијание од ангажманот на дијаспората и да се преведат волонтерските часови во опиплива бројка што ја покажува вредноста што се враќа во земјата.
Оваа метрика не се однесува на реалните плаќања; туку служи како стандардизирана проценка за известување до засегнатите страни, демонстрирајќи го успехот на програмата и мотивирајќи ги членовите преку покажување на значајното влијание на нивната работа.

Како се пресметува?
Пресметката се базира на едноставна формула која ги зема предвид потрошеното време и природата на работата:

```
Вредност = (Часови неделно × Времетраење во недели) ×
                    Часовна стапка
```

**Пример за пресметка:**
Доколку членот придонесува **5 часа неделно** за **4-неделен проект** на тема „Стратешко владино консалтинг“ (во вредност од 150 евра/час):

```
(5 часа/неделно × 4 недели) × 150 евра/час = 3.000 евра
```

Стандардни часовни стапки
Часовните цени се стандардизирани проценки засновани на конкурентни пазарни цени за различни професионални услуги. Тие обезбедуваат конзистентен и фер начин за вреднување на различните придонеси.

| Тип на придонес | Оцени |
|---|---|
| **Стратешко владино консалтинг:** Советување на високо ниво, развој на политики и стратешко планирање. | 150 евра/час |
| **Директна техничка имплементација:** Специјализирана работа како софтверско инженерство, наука за податоци и сајбер безбедност. | 120 евра/час |
| **Академско истражување и соработка:** Истражување на универзитетско ниво, прегледи на трудови и академски партнерства. | 90 евра/час |
| **Менторство со висок импакт:** Водење на стартапи, студенти или професионалци во специјализирани области. | 100 евра/час |
| **Градење екосистем:** Јавно говорење, организирање работилници и настани за градење заедница. | 80 евра/час |
| **Организациски развој:** Внатрешна поддршка за работењето, управувањето и растот на Мостови. | 75 евра/час |